# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.**

**Петок, 30 април 1971**
**Скопје**
**Број 16 Год. XXVII**

**Претплатата за 1971 година изнесува 100 динари. Овој број чини 2 динари. Жиро сметка бр. 401-1-16**


**79.**

Врз основа на член 152 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

### УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНО НАСОЧУВАЊЕ НА РАСПРЕДЕЛБАТА НА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ ВО РАБОТНИТЕ И ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ

Се прогласува Законот за привремено насочување на распределбата на личните доходи во работните и други организации,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор, одржана на 29 април 1971 година, и на седницата на Стопанскиот собор, одржана на 29 април 1971 година.

Бр. 03-1670
30 април 1971 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

### ЗАКОН
### ЗА ПРИВРЕМЕНО НАСОЧУВАЊЕ НА РАСПРЕДЕЛБАТА НА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ ВО РАБОТНИТЕ И ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ

Член 1

До донесувањето на закон за самоуправно спогодување и општествено договарање за условите и мерилата за распределба на доходот и личните доходи и склучувањето на самоуправните спогодби за распределба на доходот и личните доходи, самостојните организации на здружениот труд, органите на управата, здруженијата и другите организации (во натамошниот текст: организации), личните доходи и средствата за заедничка потрошувачка ќе ги исплатуваат во согласност со остварените резултати на трудот, според одредбите на овој закон и своите општи акти.

Член 2

Организациите во кои просечните лични доходи во 1970 година беа под просечниот личен доход во Социјалистичка Република Македонија за таа година, можат да ги исплатуваат личните доходи сразмерно со постигнатите резултати на трудот.

Организациите во кои просечните лични доходи во 1970 година беа над просечниот личен доход во Социјалистичка Република Македонија за таа година, можат да ги исплатуваат личните доходи најмногу до 11% над исплатениот износ по еден работник.

Просечниот нето личен доход во Социјалистичка Република Македонија за 1970 година изнесува 989 динари.

Под просечен исплатен личен доход во организациите се подразбира исплатениот личен доход утврден на начин и според прописите што важеле до денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 3

Организациите од дејноста на школите (основни, средни, виши и високи и факултети), организациите од културно-просветната дејност и организациите од дејноста на социјалната заштита, со исклучок на заводите за запослување како и организациите од гранката градба што исплатуваат лични доходи во согласност со начелата и критериумите утврдени во самоуправните спогодби склучени во 1970 година, можат да ги исплатуваат личните доходи и над износот утврден во член 2, став 2 од Законот.

Член 4

Општинското собрание или органот што тоа ќе го определи може, во оправдани случаи, по барање од организацијата, да одобри исплата на лични доходи и над износот утврден во член 2, став 2 од овој закон.

Под оправдани случаи во смисла на претходниот став, се подразбира:

— осетно подобрување на квалификационата структура на запослените во организацијата во 1971 година;

— успешно реализирање на развојната програма за модернизација и реконструкција на организацијата;

— подобрување на односите на распределбата на доходот на фондови и лични доходи во однос на 1970 година.

Член 5

Организациите во кои просечните лични доходи во 1970 година беа над просечниот личен доход во Социјалистичка Република Македонија, не можат да вршат зголемување на средствата за заедничка потрошувачка по еден работник повеќе од просечниот пораст на трошоците на животот во СР Македонија во 1970 година.

Член 6

Надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон врши Службата на општественото книговодство.

Доколку Службата на општественото книговодство утврди дека организацијата не се придржувала за одредбите на овој закон, ќе го врати налогот за исплата согласно член 38 од Законот за Службата на општествено книговодство („Службен лист на СФРЈ“ бр. 23/67, 54/67, 15/68, 50/68, 55/69).

Член 7

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, престанува да важи Законот за отстапување од привремените мерки во областа на утврдувањето на средствата за исплатување на личните доходи во некои работни организации во Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 8/71).

Член 8

Овој закон влегува во сила следниот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а одредбите на член 2 и 3 ќе се применуваат од 1. V. 1971 година.

**80.**

**ИЗВЕШТАЈ НА РЕПУБЛИЧКАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ДОПОЛНИТЕЛНИОТ ИЗБОР НА ПРАТЕНИК НА ПРОСВЕТНО-КУЛТУРНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СРМ**

ДО ПРОСВЕТНО-КУЛТУРНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
С К О П Ј Е

Републичката изборна комисија за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија. ги прими изборните акти од дополнителниот избор на пратеник на Просветно-културниот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во изборната единица Скопје I, се состана и на Просветно-културниот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, во смисла на член 149 став 3 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 4/69), му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

за резултатите од дополнителниот избор на пратеник на Просветно-културниот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во изборната единица Скопје I.

1. Дополнителниот избор на пратеник на Просветно-културниот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во изборната единица Скопје I, согласно Решението на Потпретседателот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија бр. 03-4000 од 6. X. 1970 година, објавено во „Службен весник на СРМ“ бр. 24/1970 година, се одржа на 21 април 1971 година и тоа за кандидатите чии кандидатури беа потврдени од Општинската изборна комисија Скопје.

Дополнителниот избор не се одржа во утврдениот ден со Решението на Потпретседателот на Собранието на СРМ поради тоа што единствениот предлог на кандидатурата беше одбиен од Општинската изборна комисија — Скопје. Кандидатот на кандидационата конференција не го доби мнозинството гласови од присутните членови на Конференцијата. Општинската изборна комисија — Скопје, распиша избор за 15 март 1971 година. Меѓутоа, и овој пат изборот не се изврши заради тоа што на седницата на изборното тело не присуствуваше потребното мнозинство одборници и делегати. Новата седница на изборното тело на која се изврши изборот се одржа на 21 април 1971 година.

2. Со спроведувањето на дополнителниот избор на пратеник на Просветно-културниот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во изборната единица Скопје I, под грижата на Републичката изборна комисија, раководеше Општинската изборна комисија со седиште во Скопје, именувана од страна на оваа Комисија со Решение бр. 43 од 13. II. 1969 година („Службен весник на СРМ“ бр. 8/1969).

3. Резултатите од дополнителниот избор на пратеник на Просветно-културниот собор на Собранието на СРМ во изборната единица Скопје I, ги утврди Општинската изборна комисија за избор на пратеници на Собранието на СРМ на начинот утврден во член 145—149 од Законот за избор на пратеници на Собранието на СР Македонија.

4. Републичката изборна комисија ги прегледа изборните акти од дополнителниот избор на пратеник на Просветно-културниот собор на Собранието на СРМ и во утврдениот за избран, не наиде на неправилности што би имале битно влијание на резултатите од дополнителниот избор.

5. На избраниот пратеник на Просветно-културниот собор, Општинската изборна комисија — Скопје, во смисла на член 149 став 1 му издаде уверение дека е избран.

6. Резултатите од дополнителниот избор на пратеник на Просветно-културниот собор во изборната единица Скопје I е следен:

Во изборната единица Скопје I од 408 членови на изборното тело гласале 218.

За кандидатот Живко Чинго гласале 118.

За кандидатот Душко Митевски гласале 99.

Неважно гласачко ливче има 1.

За пратеник е избран ЖИВКО ЧИНГО, од Скопје кој добил најголем број на гласови во изборното тело во општината од подрачјето на изборната единица.

Бр. 21
23 април 1971 година
Скопје

РЕПУБЛИЧКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Секретар,
**Никола Алексовски,** с. р.

Претседател,
**Киро Никовски,** с. р.

ЧЛЕНОВИ:

1. **Томо Пулејков,** с. р.
2. **Петар Липковски,** с. р.
3. **Зоге Грујовски,** с. р.
4. **Милорад Антевски,** с. р.
5. **Љубомир Варошлија,** с. р.

---

**81.**

Врз основа на член 71 став 1 точка 8 од Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ“ бр. 24/65, 57/65, 29/66, 52/66, 12/67 и 54/67) и Одлуката на Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците — Скопје број 01-214/1 од 28. I. 1969 година, Републичкиот завод за социјално осигурување — Скопје и Здружението на естрадните уметници на СР Македонија — Скопје, склучуваат

**Д О Г О В О Р**

**ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЕСТРАДНИТЕ УМЕТНИЦИ — ЧЛЕНОВИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ЕСТРАДНИТЕ УМЕТНИЦИ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој договор се регулира здравственото осигурување и спроведувањето на инвалидското и пензиското осигурување на редовните членови на Здружението на естрадните уметници на Социјалистичка Република Македонија и членовите на нивните семејства.

Член 2

Како естрадни уметници во смисла на овој договор се сметаат: естрадни изведувачи на уметнички програми, на забавна, народна и џез музика, пантомимичари, интерпретатори на литерарни текстови и козерии, конферансиери, играчи на фолклор, играчи на балет и други изведувачи чие занимање е естрадно настапување, кои се редовни членови на Здружението на естрадните уметници на Социјалистичка Република Македонија (во натамошниот текст: Здружение) и на кои естрадното изведување на уметнички програми им е единствено или главно занимање (во натамошниот текст: осигуреници).

Член 3

Овој договор не се однесува на лицата што се занимаваат со естрадно изведување на уметнички програми, а се осигурени по друга основа, како ни на лицата кои со оваа дејност се занимаваат како дополнително занимање.

Член 4

Правата и обврските од социјалното осигурување по овој договор настануваат со денот на стапувањето во членство на Здружението.

Здружението е должно во рок од осум дена од денот на приемот на естрадниот уметник во членство, односно бришење од членство да му достави на надлежниот завод за социјално осигурување известување за тоа.

Осигуреникот е должен преку Здружението да поднесе до надлежниот орган на социјалното осигурување пријава за осигурување во рок од 8 дена од денот на уписот во членство на Здружението. Со пријавата за осигурување Здружението дава и мислење за исполнување на условите од членот 2 од овој договор за признавање својство на осигуреник.

Член 5

Осигуреникот е должен да го извести надлежниот комунален завод за социјално осигурување за секоја промена на личните или други околности што влијаат на правото или обемот на правото од овој договор.

Член 6

Осигурениците и членовите на нивните семејства имаат право на здравствено, инвалидско и пензиско осигурување во обем и под условите определени со Основниот закон за здравственото осигурување, Основниот закон за инвалидското осигурување и Основниот закон за пензиското осигурување, доколку со овој договор не е поинаку определено.

Осигурениците од претходниот став правата од инвалидското и пензиското осигурување освен правата по основа на несреќа на работа и професионално заболување, не можат да ги остварат правата пред истекот на три години од примената на овој договор.

## ОДРЕДБИ ЗА ПЕНЗИСКИОТ СТАЖ

Член 7

Во пензиски стаж на осигурениците се сметаат:

1) периодите на стажот на осигурување наведени во членот 121 од Основниот закон за пензиското осигурување и членот 148 од Основниот закон за инвалидското осигурување;

2) времето на вршење на естрадна дејност пред 15 мај 1945 година на начин и под условите како што е со Основниот закон за пензиското осигурување пропишано за лицата во работен однос;

3) времето проведено во вршење на естрадна дејност на уметник по 15. V. 1945 до 31. XII. 1964 година со исполнување на условите што се бараат за својство на естраден уметник по овој договор.

Времето од точка 3 од претходниот став се признава во пензиски стаж доколку осигуреникот за тоа време уплатил придонес за пензиско и инвалидско осигурување по стапките на придонес и основиците на осигурување по кои плаќа придонес на денот на поднесувањето на барањето.

Кога признавањето на определени периоди во пензиски стаж по Основниот закон за пензиското осигурување и Основниот закон за инвалидското осигурување е условено со стапување во работен однос или со определено траење односно со престанок на работниот однос, ќе се смета дека тој услов е исполнет со почетокот на вршењето на естрадна дејност, со определеното траење односно со престанокот на таа дејност по основа на која естрадниот уметник бил осигурен.

## ОСНОВИЦИ НА ОСИГУРУВАЊЕ

Член 8

Правата на осигурениците од здравственото, инвалидското и пензиското осигурување се определуваат од основиците на осигурувањето по кој се плаќа придонес за социјално осигурување, а кои изнесуваат:

За естрадни уметници со пензиски стаж:

| | |
|---|---|
| до 10 години | 800 динари |
| преку 10 до 20 години | 900 „ |
| преку 20 години | 1.000 „ |

Од 1 јануари 1971 година и во иднина основиците од претходниот став автоматски се пресметуваат на соодветни повисоки износи во смисла на членот 32 од Основниот закон за пензиското осигурување, со тоа што добиениот износ со пресметувањето се зема како основица на осигурувањето за текуштата година во која се врши пресметувањето.

Одредување на повисока основица на осигурување спореф навршениот пензиски стаж се врши по службена должност, и тоа од првиот ден на наредниот месец по месецот во кој се исполнети условите за распоредување во повисока основица на осигурување.

Кога со дополнително признаен пензиски стаж осигуреникот се стекне со право на повисока основица на осигурување, во смисла на став 1 од овој член, новата основица на осигурување припаѓа од првиот ден на наредниот месец по месецот во кој осигуреникот го поднел барањето.

## ПРАВА НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ

### Здравствено осигурување

Член 9

Осигуреникот има право на надоместок на личниот доход за време на спреченост за работа ако поради болест или повреда е привремено неспособен за работа, почнувајќи од 31-от ден на непрекинатото траење на таа неспособност.

Надоместок на личниот доход за времето на отсуствување заради бременост и породување му припаѓа на осигуреникот — жена од првиот ден на отсуството.

Одредбите на Основниот закон за здравственото осигурување што се однесуваат на работа со скратено работно време во текот на траењето на привремената неспособност за работа или за време на нега на дете и на правото на надоместок на личниот доход за она време, како и одредбите што се однесуваат на спреченост за работа во текот на работниот однос (член 50, 51 и 63 до 71 од Основниот закон за здравственото осигурување) нема да се применуваат.

Член 10

Основицата за утврдување надоместок на личниот доход се утврдува од основиците на осигурувањето по член 8 од овој договор, сообразно со членот 55 од Основниот закон за здравственото осигурување.

### Инвалидско осигурување

Член 11

Осигурениците се осигурени за сите случаи на инвалидност предвидени со Основниот закон за инвалидското осигурување доколку со овој договор не е поинаку определено.

Член 12

Во случај на инвалидност или телесно оштетување осигурениците имаат во обем и под условите определени со Основниот закон за инвалидското осигурување право на инвалидска пензија, на додаток за помош и нега, на инвалиднина, на професионална рехабилитација со материјално обезбедување во врска со рехабилитацијата, на запослување на друга соодветна работа со надоместок во врска со користењето на тоа право и на надоместок на патни и превозни трошоци.

Член 13

Во случај на настапување на инвалидност од II категорија осигурениците немаат право на запослување на својата работа со скратено работно време ниту на надоместок во врска со користењето на тоа право.

Член 14

Како своја работа во смисла на членот 32 од Основниот закон за инвалидското осигурување се сметаат работите што ги врши осигуреникот во вршење на занимањата од членот 2 на овој договор.

Член 15

Инвалидска пензија се определува од пензиската основа од кој на осигуреникот би му била определена старосна пензија да во времето на настапувањето на инвалидноста се здобил со право на старосна пензија.

Периодите според кои по одредбите на Основниот закон за пензиското осигурување се утврдува пензиската основа, се сметаат station наназад од денот на настапувањето на инвалидноста.

Член 16

Право на професионална рехабилитација и право на запослување на друга соодветна работа им се обезбедува на осигурениците за работно место од III категорија (член 96 од Основниот закон за инвалидското осигурување).

Член 17

Материјалното обезбедување во врска со професионалната рехабилитација и времениот надоместок во врска со користење правото на запослување на друга соодветна работа се определува во обем и под условите определени со Основниот закон за инвалидското осигурување предвидени за лицата во работен однос.

Како основа за определување на материјалното обезбедување и надоместок во врска со користење правото на професионална рехабилитација односно правото на запослување на друга соодветна работа се зема просекот на основиците на осигурувањето од членот 8 на овој договор по кој осигуреникот бил осигурен во изминатата година согласно одредбите од Основниот закон за здравственото осигурување, за утврдување надоместот на личниот доход.

Височината на материјалното обезбедување односно надоместокот од ставот 2 на овој член се определува во обем и под условите определени со Основниот закон за инвалидското осигурување за лицата во работен однос.

Упатувањето на осигурениците на друга соодветна работа се врши на ист начин и по иста постапка како што е предвидено со одредбите на Основниот закон за инвалидското осигурување за лицата во работен однос.

Член 18

Кога за определување на поодделно право по Основниот закон за инвалидското осигурување се зема предвид личниот доход на осигуреникот остварен во определен период пред настапување на инвалидноста, како личен доход за определување на тоа право по овој договор се земаат основиците на осигурување по кои осигуреникот бил осигурен во соодветниот период.

**Пензиско осигурување**

Член 19

Старосна пензија се определува од пензиската основица што ја прави десетгодишниот просек на основиците на кои осигуреникот бил осигурен, согласно одредбите на член 30 до 33 од Основниот закон за пензиското осигурување.

Ако во десетгодишниот период според кој се определува пензиската основица осигуреникот еден период на време провел во работен однос или во друго својство по кое бил задолжително пензиски осигурен, за тој период пензиската основица се пресметува на начин предвиден со Основниот закон за пензиското осигурување.

Член 20

На уживателите на старосна пензија стекната по основа на работен однос или самостојна дејност, кои по пензионирањето отпочнат со вршење на самостојна дејност како естрадни уметници, можат да се стекнат со право на пензија по овој договор доколку најмалку три години биле социјално осигурени како естрадни уметници.

Право на повторно определување на пензија во смисла на претходниот став имаат уживателите на пензија кои што правото на старосна пензија го стекнале пред навршување на пензиски стаж од 40 години (мажи) односно 35 години (жени). Право на повторно определување пензија имаат и борците од НОБ од пред 9 септември 1943 година кои правото на старосна пензија го стекнале пред навршувањето на 35 години (мажи) односно 30 години (жени) пензиски стаж.

Старосната пензија во смисла на ставот 1 од овој член се определува од пензиската основица утврдена по членот 19 од овој договор, со тоа што за пресметување на пензиската основица се земаат и основиците на осигурувањето по кои осигуреникот бил осигурен по пензионирањето.

Осигуреникот може да бара, наместо повторно определување на пензија во смисла на претходните ставови, порано определената пензија да се зголеми за соодветниот процент врз основа на времето на вршењето на естрадна уметност по пензионирањето, сообразно на одредбите од членот 38 став 2 од Основниот закон за пензиското осигурување.

## КОРИСТЕЊЕ И ПРЕСТАНОК НА ПРАВАТА

Член 21

Осигуреникот може да оствари и користи права од социјалното осигурување ако сите стасани придонеси се во целост исплатени.

Доколку стасаните придонеси не се уплатени најдоцна до крајот на наредниот месец по месецот во кој се стасани за плаќање, надоместоците од здравственото осигурување припаѓаат дури од наредниот ден по денот на уплатата на сите стасани придонеси.

Член 22

Пензијата се исплатува од првиот нареден ден по престанок на вршење самостојна дејност.

На осигуреник кој што остварил право на инвалидска пензија, ако повторно отпочне да врши самостојна дејност без оглед дали пред тоа била установена неговата работна способност, му престанува правото на инвалидска пензија и тој повторно станува осигуреник на здравствено, пензиско и инвалидско осигурување.

## ПРИДОНЕСИ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 23

Осигурениците според овој договор се обврзани да плаќаат придонеси предвидени за социјалното осигурување според одредбите на Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување. Придонесите се пресметуваат и уплатуваат од основиците на осигурувањето предвидени со овој договор и тоа по стапките на придонесите што ги определува собранието на комуналната односно Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците за лица во работен однос, пресметани на нето износи.

Додека не се изврши пресметување на основиците на осигурувањето во смисла на членот 8 став 2 од овој договор осигуреникот плаќа придонес за социјално осигурување од почетокот на тековната година до донесување на одлука за пресметување на личните доходи по член 32 од Основниот закон за пензиското осигурување од основицата на осигурувањето по која плаќал придонес до крајот на претходната година, со тоа што таа уплата се смета како аконтација на уплатениот придонес.

Член 24

Придонесот за социјално осигурување по овој договор го уплатува осигуреникот.

Уплатувањето на придонесот стасува првиот ден во месецот.

Обврската за плаќање на придонес престанува со истекот на месецот во кој настапила спреченоста за работа во смисла на одредбите на членот 48 став 1 точка 1 и 3 до 6 и членот 70 од Основниот закон за здравственото осигурување и придонесот не се плаќа до крајот на месецот во кој престанала спреченоста за работа.

Придонесот се уплатува кај надлежниот комунален завод за социјално осигурување.

Член 25

Осигуреникот кој што за време престојувањето во странство врши самостојна дејност врз основа на договор за ангажман, ако не е задолжително социјално осигурен кај странскиот носител на социјалното осигурување, осигурен е по овој договор од денот на поднесување на пријавата. Во тој случај осигуреникот е должен уредно да уплатува придонес за социјално осигурување во валута на земјата во која врши самостојна дејност.

На осигуреникот од претходниот став сообразно ќе се применуваат прописите со кои е регулирано социјалното осигурување на југословенските државјани во работен однос во странство, користење на здравствена заштита во странство, како и плаќање на придонеси за социјално осигурување, со тоа што во смисла на Одлуката за придонесите за социјално осигурување и за пензиските основици на лицата запослени во странство („Службен лист на СФРЈ“ бр. 30/68) како основа за пресметување и плаќање на придонес ќе се земе основицата предвидена за лица со средна стручна подготовка.

## ПОСТАПКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА

Член 26

Осигуреникот со пријавата за осигурување доставува и доказ за пензискиот стаж.

Член 27

За работите од надлежноста на комуналниот завод за социјално осигурување месно е надлежен комуналниот завод за социјално осигурување према седиштето на естрадната организација, доколку за поодделни работи со овој договор не е поинаку определено.

Член 28

Комуналниот завод за социјално осигурување со решение го распоредува осигуреникот во основица на осигурувањето од членот 8 на овој договор.

Против решението за распоредување осигуреникот има право на жалба до Републичкиот завод за социјално осигурување во рок од 15 дена од доставувањето на решението.

Член 29

Постапката за остварување на правата од социјалното осигурување се покренува на барање од осигуреникот односно на барање на членот на семејството на умрениот осигуреник.

По исклучок од претходниот став постапка за правата од инвалидското осигурување покренува надлежниот завод за социјално осигурување по службена должност.

Член 30

Надлежниот завод за социјално осигурување на Здружението му доставува, заради евиденција, препис од решението за распоредување на осигуреникот во основица на осигурување и решението за пензионирање односно решението за определување на семејна пензија доколку на умрениот осигуреник не му било донесено решение за пензионирање.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 31

Додека не се навршат 10 години од денот на почетокот на применувањето на Основниот закон за пензиското осигурување пензиската основица по исклучок од одредбите на членот 19 од овој договор, ќе се пресметува од основиците по кои осигуреникот бил осигурен од 1 јануари 1965 година.

Член 32

Поблиски напатствија за примена на овој договор донесува, по потреба, директорот на Републичкиот завод за социјално осигурување — Скопје во согласност со Управниот одбор на Здружението на естрадните уметници на СР Македонија.

Член 33

За спроведување на социјалното осигурување на осигурениците ќе се применуваат, доколку со овој договор не е поинаку определено, одредбите на Основниот закон за здравственото осигурување, Основниот закон за инвалидското осигурување, Основниот закон за пензиското осигурување и Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување.

Ако се изменат поодделни одредби на Основниот закон за здравственото осигурување, Основниот закон за инвалидското осигурување, Основниот закон за пензиското осигурување и Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување, на кои се повикува овој договор, при остварување на правата од социјалното осигурување ќе се применуваат изменетите одредби.

Член 34

Овој договор влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СР Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1970 година.

Бр. 01-1546/1
29. VI. 1970 година
Скопје

За Здружението на естрадните
уметници на СР Македонија

Претседател,
**К. Спировски**, с. р.

За Републички завод за социјално
осигурување — Скопје

Директор,
**Душко Ѓорѓиев**, с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

Пред Окружниот суд во Скопје е поднесена тужба од тужителката Митрева Милунка, по татко Стефановиќ од село Криволак, Општина Неготино, против тужениот Гело Митров од село Криволак, сега со непознато место на живеење, за развод на брак.

Се поканува тужениот Гело Митров, од татко Митре, роден во село Рожден, Општина Кавадарци, во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ", да се јави лично на судот или да ја соопшти својата адреса. Во противно ќе му се постави привремен старател кој ќе го застапува до окончувањето на спорот.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 2542/70.

---

Пред Окружниот суд во Скопје се води постапка по тужбата на Николовски Чедомир од Скопје, населба Лисиче. ул. „44" бр. 18 против тужената Николовска род. Томева Спаса, со непознато место на живеење, за развод на брак, вредност на спорот 2,000,00 динари.

Се повикува тужената Николовска Спаса во рок од 30 дена од објавувањето на огласот, да се јави во судот или да ја достави својата точна адреса.

Доколку по истекот на овој рок не се јави и не ја достави својата точна адреса, судот ќе ѝ одреди старател кој ќе ја застапува до правосилното окончување на бракоразводниот спор, согласно со член 77 од Законот за парнична постапка.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 928 од 7. IV. 1971 година. (40)

---

Пред Окружниот суд во Скопје, е заведен спор по тужбата на тужителот Аџиева Нада од Скопје, ул. „807" згр. 6/Ш-18 ст. (Автокоманда), против тужениот Аџиев Ѓорѓи, сега со непознато место на живеење, за развод на брак, вредност на спорот 2.000 нови динари.

Се повикува тужениот Аџиев Ѓорѓи во рок од 30 дена по објавувањето на огласот, да се јави лично во судот или да ја достави својата сегашна адреса.

До колку во определениот рок не се јави, ќе му се постави привремен старател, во смисла на член 77 и 78 од ЗПП, кој ќе го застапува во предметниот спор.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 1148 од 23. IV. 1971 година. (41)

---

Пред Окружниот суд во Скопје, се води постапка по тужбата на Мировски Трајче од Скопје, ул. „Охридска" бр. 42, против тужената Мировска, родена Хајдаревиќ Сатка, со непознато место на живеење, за развод на брак, вредност на спорот 2.000 нови динари.

Се повикува тужената Мировска Сатка во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ", да се јави или да ја достави својата точна адреса. Во противно по истекот на овој рок, судот ќе ѝ одреди старател кој ќе ја застапува до правосилното окончување на бракоразводниот спор, а согласно со член 77 од ЗПП.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 958 од 12. IV. 1971 год. (35)

### ОКРУЖЕН СУД ВО БИТОЛА

Рукие Мемишовска, од село Острец, Битолско, поднесе тужба до овој суд за развод на брак против Мемишовски Демир, од село Острец, сега во неизвесност со непознато место на живеење.

Бидејќи тужениот Демир е во неизвесност, се повикува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ", да се јави или да одреди свој застапник. Во противно ќе му биде одреден застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 293/71. (33)

### ОКРУЖЕН СУД ВО ШТИП

Санде Атанасовски од Штип поднесе тужба до овој суд за развод на брак, против Марија Атанасовска, сега во неизвесност. Бидејќи адресата и местожителството на тужената се непознати, се повикува во рок од еден месец од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ", да се јави или да одреди застапник. Во противно судот по службена должност ќе ѝ ја одреди за застапник Ружа Бочварска и делото ќе се разгледа во нејзино отсуство.

Од Окружниот суд во Штип, П. бр. 62/71. (34)

---

## РЕГИСТАР НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ДУЌАНИТЕ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 43, страна 329, книга I е запишано следното: Се симнува присилната управа над Градежното претпријатие „Кораб" — Дебар, со решението бр. 02-1125/3 од 22. VII. 1970 година на Собранието на општината Дебар.

На досегашните потписници и тоа: Тоде Аврамовски, Трпе Алексовски и Глигор Јаковлевски им престанува правото за потпишување.

Со решението бр. 02-1125/3 од 22. VII. 1970 година на Собранието на општината Дебар Градежното претпријатие „Кораб" — Дебар се става под редовна ликвидација и за ликвидатор е назначен Тоде Аврамовски, кој ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето, сметано од 31. VII. 1970 година.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 650 од 30. IX. 1970 година. (1784)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 43, страна 329, книга I е запишано следното: Постапката за редовна ликвидација над Градежното претпријатие „Кораб" — Дебар, нема да се спроведува, согласно со решението бр. 02-1125/3 од 22. VII. 1970 година на Собранието на општината Дебар, бидејќи со договор склучен помеѓу Собранието на општината Дебар и Градежното претпријатие „Бетон" — Скопје, од 26. VI. 1970 година, сите средства, права и обврски на Градежното претпријатие „Кораб" — Дебар ги има преземено Градежното претпријатие „Бетон" од Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 650/70 од 13. I. 1971 година. (141)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 24. XI. 1970 година, рег. бр. 57/70, книга I е запишано под фирма: Претставништво во Прилеп, ул. „Орде Тутески" бр. 2 (организација на здружен труд без својство на правно лице), на Трговското земјоделско претпријатие „Македонија" од Скопје. Предмет на работењето на претставништвото е: врши купопродажба и посредување на сите видови нова и половна опрема (механизација на сите приклучни машини), репроматеријали и други материјали и опрема наменети за земјоделството и сточарството; врши купопродажба и посредување на сите видови сточна храна, си-

те видови вештачки ѓубрива и заштитни средства во земјоделството; врши купопродажба и посредување на сите видови сточни производи и сета жива стока; живина и сите производи од живинарството; врши купопродажба и посредување на сите видови градежни материјали, како и сите видови огревен материјал: огревно дрво, јаглен, нафта и нафтени деривати и друго од оваа гранка; врши купопродажба и посредување на сите видови нова и половна механизација и опрема во градежништвото како и сите видови репроматеријали од оваа гранка; врши купопродажба и посредување на сите видови механизација (постројки), опрема и репроматеријали во сите гранки на индустријата, нова и половна; врши купопродажба и посредување на сите видови механизација и опрема, нова и половна, во угостителството, комуналната дејност, електростопанството, шумарството, водостопанството, рударството, бродарството (речно, езерско и поморско), железниците, патиштата, политичко-територијалните организации, општествените организации, установи, институции и друго; врши купопродажба и посредување на сите индустриски стоки и производи; на сите видови прехранбени индустриски производи; врши купопродажба и посредување на сите видови моторни возила, нови и половни, резервни делови како и сите видови гуми за сите возила и механизација; врши купопродажба и посредување на сите видови гумо-пластични производи; поправка на патнички и други коли, кои служат за препродажба; поправка на леки коли, други механизирани машини на работната организација и други лица од територијата на Скопје и СРМ; да врши поправка и на други видови машини кои се потребни на работната организација како и приватните лица; земјоделско производство на општонародна земја земена под закуп или добиена на бесплатно користење; со организирање на земјоделско производство на земјата на индивидуалните земјоделски производители, преку создавање на разни видови кооперации; врши услуги на земјоделските производители со земјоделски машини и справи, како и разни други услуги што се во врска со земјоделското производство; договарање вишоци од земјоделското производство, преземање и пласман на истите од своето подрачје; снабдување на земјоделските производители со потребен репродукционен материјал (вештачко ѓубре); преработка и доработка на земјоделски производи, организирање на штедење и кредитирање, стручно издигнување на кадри нужни за обавување стопанската активност на задругата, откуп, преработка и доработка на сточарски производи, живинарство, тов на дебели свињи.

Претставништвото е основано од Трговското земјоделско претпријатие на големо и мало „Македонија" — Скопје, со одлуката на работничкиот совет од 30. IX. 1970 година.

Претставништвото ќе го потпишува Спасовски Димитрија, в.д. шеф на претставништвото.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 578/70. (79)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 205, страна 546, книга VI е запишана под фирма: Трговско претпријатие за промет со индустриски и прехранбени стоки „Инпрес" — Скопје — Организација на здружен труд без својство на правно лице — Продавница број 64 во Куманово, ул. „Тоде Мендол" бб. Предмет на работењето на продавницата е продажба на сите видови колонијални и индустриско-прехранбени производи за потребите на домаќинството.

Продавницата е основана од работничкиот совет на Трговското претпријатие за промет со индустриски и прехранбени стоки „Инпрес" — Скопје, со одлуката од одржаната X-та седница на 31. X. 1969 година.

Раководител на продавницата е Дачевски Перо.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 685/70 од 7. I. 1971 година. (119)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 516, страна 239, книга VI е запишано под фирма: „Центроколонијал — ладилник" — увоз-извоз — Скопје — Организација на здружен труд без својство на правно лице број 33 во село Арачиново, Скопје. Предемт на работењето на организацијата е продажба на колонијални стоки.

Продавницата е основана од работничкиот совет на Центроколонијал-Ладилник" увоз-извоз — Скопје, со одлуката од одржаната седница на 22. IV. 1969 година.

Раководител на организацијата е Ковачи Исмаил.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 553/69 од 8. I. 1969 година.

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 205, страна 294, книга VI е запишана под фирма: „Инпрес" — трговско претпријатие за промет со индустриски и прехранбени стоки — Скопје — Организација на здружен труд без својство на правно лице — Продавница број 42 во населбата Сингелиќ — Скопје. Предмет на работењето на продавницата е продажба на прехранбени и индустриски производи, согласно со решението за регистрација на претпријатието, Фи. бр. 1201/68.

Раководител на продавницата е Зековски Амди.

Продавницата е основана од работничкиот совет на „Инпрес" — Скопје, со одлуката од одржаната седница на 15. V. 1968 година.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 333/69 од 8. I. 1971 година. (121)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 574, страна 229, книга П е запишана под фирма: Трговско претпријатие на мало „Искра" — Драчево — Организација на здружен труд без својство на правно лице — Продавница во Скопје, ул. „148" бр. 134. Предмет на работењето на продавницата е продажба на колонијални стоки.

Продавницата е основана од работничкиот совет на Трговското претпријатие на мало „Искра" — Драчево, со одлуката бр. 555 од 13. V. 1969 година од одржаната седница на 13. V. 1969 година.

Раководител на продавницата е Салиевски Даута Назив.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 449/69 од 8. I. 1971 година. (122)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатија и дуќаните, рег. бр. 1413, страна 542, книга VI е запишана под фирма: „Новоградња" — градежно претпријатие — Врање — Организација на здружен труд без својство на правно лице — Менза за исхрана на работници од затворен тип во Скопје, ул. „Ѓуро Ѓоновиќ" бр. 115. Предмет на работењето на мензата е готвење и продажба на ладни и топли јадења, продажба на алкохолни и безалкохолни пијалоци, а продажба на цигари и кибрит.

Мензата е основана од работничкиот совет на „Новоградња" — градежно претпријатие — Вра-

ње, со одлуката бр. 45 од 6. I. 1969 година од одржаната седница на 3. I. 1969 година.

Раководител на мензата е Крстиќ Светислав.

Мензата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува Крстиќ Светислав, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 270/69 од 8. I. 1971 година. (123)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1000, страна 933, книга IV е запишан под фирма: Претпријатие за ремонт, сервис на моторни возила, машински услуги, продажба на автомобили, делови, продажба на нафтени деривати и друго „Механика“ — Скопје — Организација на здружен труд без својство на правно лице — Сервис со продавница за автоделови и бензинска помпа во Скопје, ул. „Индустриска“ бр. 14. Предмет на работењето на сервисот е ремонт, сервис на моторни возила, машински услуги, промет со автомобили и делови, продажба на нафтени деривати и друго.

Сервисот е основан од работничкиот совет на претпријатието, со одлуката бр. 0205-570 од 26. I. 1968 година, од одржаната седница на 5. I. 1968 година.

Раководител на сервисот е Јовановиќ Александар.

Сервисот со продавницата за автоделови и бензинска помпа ќе го потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1007/70 од 13. I. 1971 година. (125)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1000, страна 933, книга IV е запишан под фирма: Претпријатие за ремонт, сервис на моторни возила, машински услуги, продажба на автомобили, делови, продажба на нафтени деривати и друго „Механика“ — Скопје — Организација на здружен труд без својство на правно лице — Сервис IV со продавница за автоделови во Скопје, ул. „Орце Николов“ бр. 67. Предмет на работењето на сервисот е ремонт, сервис на моторни возила, машински услуги, промет со автомобили, резервни делови, продажба на нафтени деривати и друго.

Сервисот е основан од работничкиот совет, со одлуката бр. 0205-570 од 26. I. 1968 година.

Раководител на сервисот е Ивановски Лазо.

Сервисот ќе го потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1007/70 од 13. I. 1971 год. (126)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 20. XI. 1970 година, рег. бр. 55/70, книга I е запишана под фирма: „Раде Кончар“ — претпријатие за производство на електрична опрема, проектирање и монтажа на постројки — Загреб (Фалерово шеталиште 29), Фабрика за фрижидери и разладни уреди — Битола — Индустриски дел бб, како самостојна организација на здружен труд без својство на правно лице.

Предмет на работењето на фабриката е производство на фрижидери и разладни уреди, индустриски, разладни и климо-уреди.

Фабриката настана од бившата Фабрика за фрижидери „Ѓорѓи Наумов“ — Битола која се присоедини кон Претпријатието „Раде Кончар“ — Загреб, а со одлуката на работничкиот совет од 9. X. 1970 година.

Фабриката ќе ја потпишува Поповски Живко, пом. директор.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 585/70. (66)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 11. XI. 1970 година, рег. бр. 51/70, книга I е запишана под фирма: Продавница во Битола, ул. „Маршал Тито“ бр. 32, на Чевларската индустрија „Чик“ — Куманово. Предмет на работењето на продавницата е трговија со чевли.

Раководител на продавницата е Велјановски Александар.

Продавницата е основана од Чевларската индустрија „Чик“ — Куманово, со одлуката бр. 64 од 3. VII. 1970 година на управниот одбор.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и основачот.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 567/70. (67)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 23. XI. 1970 година, рег. бр. 56/70, книга I е запишана под фирма: Фабрика за конзерви „Пелагонија“, со седиште во Битола. Предмет на работењето на Фабриката е производство и промет со конзервирани производи од овошје и зеленчук; кооперација во земјоделското производство.

Фабриката е настаната со издвојувањето на Самостојниот погон „Пелагонија“ — Битола од Индустриско-прехранбениот комбинат „Конзерваекспорт“ — Скопје, со одлуката бр. 227 од 21. XI. 1970 година на работничкиот совет.

Фабриката ќе ја потпишува Велибор Живковиќ, директор.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 591/70. (68)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 23. XI. 1970 година, рег. бр. 14/63, книга I е запишана под фирма: Продавница број 3 во село Средно Егри, на Земјоделско-индустрискиот комбинат „Пелагонија“ од Битола — Погон за кооперација — Битола Предмет на работењето на продавницата е промет на разни видови прехранбени производи и предмети за домашна употреба.

Раководител на продавницата е Васил Ристе Митревски.

Продавницата е основана од ЗИК „Пелагонија“ — Битола. Предмет на работењето на продавницата година на работничкиот совет.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 589/70. (69)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 24. XI. 1970 година, рег. бр. 52/55, книга I е запишана под фирма: Мешовита продавница „Центар“ — село Слоештица, на Трговското претпријатие „Бигла“ од Демир Хисар. Предмет на работењето на продавницата е промет со мешани стоки.

Раководител на продавницата е Квачковски Вецко.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие „Бигла“ — Демир Хисар, со одлуката бр. 02-43/3 од 20. I. 1970 година на работничкиот совет.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и основачот.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 597/70. (70)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 23. XI. 1970 година, рег. бр. 19/70, книга II е запишана под фирма: Продавница во Охрид, ул. „Гоце Делчев“ бр. 40 на Комбинатот „Борац“ од Травник. Предмет на работењето на продавницата е продажба на заштитни средства од областа на заштитата при работата.

Раководител на продавницата е Бајрами Решад.

Продавницата е основана од Комбинатот „Борац“ — Травник, со одлуката бр. 107/70 од 2. X. 1970 година на работничкиот совет.

Продавницата ќе ја потпишува Бајрами Решад, раководител.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 593/70. (71)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 2. XI. 1970 година, рег. бр. 46/70, книга I е запишана под фирма: Продавница број 1 во Прилеп, ул. „Марксова“ бб, на Општинската ловна заедница во Прилеп. Предмет на работењето на продавницата е продажба на ловен и риболовен материјал и спортски реквизити.

Раководител на продавницата е Стеваноски Стеван.

Продавницата е основана од Општинската ловна заедница во Прилеп, со одлуката бр. 45 од 5. IX. 1970 година на управниот одбор и уверенијата на пазарната, санитарната и трудовата инспекција на Собранието на општината Прилеп.

Продавницата ќе ја потпишува, истото лице што ја потпишува и Општинската ловна заедница во Прилеп.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 551/70. (72)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 5. XI. 1970 година, рег. бр. 49/70, книга I е запишана под фирма: Продавница во село Воѓани, на Трговското претпријатие „Бучинско Поле“ од Скопје. Предмет на работењето на продавницата е продажба на колонијални и индустриски стоки.

Раководител на продавницата е Мицески Стеван.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие „Бучинско Поле“ — Скопје, со одлуката бр. 1395 од 25. I. 1969 година.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и основачот.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 564/70. (73)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 5. XI. 1970 година, рег. бр. 48/70, книга I е запишана под фирма: Продавница во село Обршани, на Трговското претпријатие „Бучинско Поле“ од Скопје. Предмет на работењето на продавницата е продажба на колонијални и индустриски стоки.

Раководител на продавницата е Аџоски Трајко.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие „Бучинско Поле“ од Скопје, со одлуката бр. 1396 од 25. I. 1969 година на работничкиот совет.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 565/70. (74)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 11. XI. 1970 година, рег. бр. 53/70, книга I е запишана под фирма: Продавница број 9 „Елегант“ во Прилеп, ул. „Илинденска“ бр. 25, на Претпријатието за производство на конфекција „Елегант“ — Гевгелија. Предмет на работењето на продавницата е промет со конфекциски, трикотажни и галантериски производи.

Раководител на продавницата е Каранфилоски Душан.

Продавницата е основана од Претпријатието за производство на конфекција „Елегант“ — Гевгелија, со одлуката бр. 02-2710 од 14. VIII. 1967 година на работничкиот совет.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и основачот.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 540/70. (75)

---

